ПРЕДЛАГАЧИ: Димитар Апасиев
Борислав Крмов

П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА
СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

С к о п ј е,
март 2022 година

Д О:
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

______________________________

______________________________

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за субвенциониран студентски оброк (Службен весник на Република Македонија бр. 31/2020 и 150/21), се уредуваат правото на студентите за субвенциониран студентски оброк како и начинот и критериумите за субвенционирање.

Со постоечкиот закон субвенцијата за студентски оброк во износ од 120 денари на ден за секој работен ден во месецот освен за државни, верски празници и неработни денови ја користат сите редовни студенти на додипломски студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Македонија. Притоа висината на финансиската поддршка е утврдена со донесување на постојниот закон, во 2020 година. Значи така определената висина на финансиската поддршка во себе не ги инкорпорира подцнежните негативни економски последици кои ги предизвикаа здравствената криза, енергетската криза и инфлацијата врз домашната економија, како и со порастот на минималната плата.

Од наведените причини, ја увидовме потребата од носење на овој предлог на закон, со кој се зголемува износот на субвенционираниот студентски оброк.

Врз основа на наведеното, предлагаме донесување на Предлог на закон за изменување на Законот за субвенциониран студентски оброк во предложениот текст.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за субвенциониран студентски оброк.

Целта на предлог-законот е да им се овозможи на студентите соодветна и правична финансиска поддршка за студентски оброк, прилагодена на претходнонаведените состојби.

Основните решенија во предлог-законот одговораат на моменталната состојба на студентскиот стандард во Република Македонија. Сметаме дека ова решение е во насока на задоволување на целите на овој предлог-закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон предизвика финансиски последици врз државниот буџет и другите јавни финансиски средства.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот потребните парични средства во вид на субвенција ќе ги исплаќа Министерството за образование и наука, а истите ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

П Р Е Д Л О Г – З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Член 1

Во членот 2 став 1 алинеја 1, бројот „120“ се заменува со бројот „150“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи 2 члена.

Членот 1 предвидува зголемување на износот на финансиската поддршка за студентски оброк од 120 на 150 денари на ден за секој работен ден во месецот освен за државни, верски празници и неработни денови.

Членот 2 предвидува законот да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, без вообичаениот уставен рок за vacatio legis.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложениот закон ќе овозможи зголемување на износот на финансиската поддршка за студентски оброк како на дневно ниво од досегашните 120 денари на 150 денари, така и на месечно ниво од околу 2400 денари на околу 3000 денари.

Со тоа, ќе им овозможи на студентите кои се државјани на Република Македонија, подобар животен стандард усогласен со последиците од здравствената, енергетската и економската криза.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 2

Одделни поими употребувани во овој закон го имаат следново значење:

1) „субвенциониран студентски оброк“ е финансиска поддршка во износ од 120 денари што студентот ја добива од Министерството за образование и наука за купување приготвена храна;

2) „корисници на субвенциониран студентски оброк“ се редовните студенти на додипломските студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија.